РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-231/10
16.12.2020 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
СКОПЈЕ
Примено: 29.12.2020
Орг. Един.: 03 Број: 1421/1 Прилог: Вредност:

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 9 седница одржана на 30.11.2020 година, донесе

Архивски знак: 0304
Рок на чување: 10 год.
201___ година
Потпис,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Политички науки", од втор циклус академски (магистерски) студии на Факултет за правни и политички науки при Универзитет ФОН - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Политички науки", од втор циклус академски (магистерски) студии на Факултет за правни и политички науки при Универзитет ФОН - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по политички науки /во меѓународен промет академски назив: Master of political science.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки,
Научно – истражувачко поле: 507 Политички науки, 509 Јавна управа и администрација
Научно – истражувачка област: Политички науки (50700), Политички систем (50701), Современи политички системи (50702), Граѓанско општество, политички партии и интересни групи (50703), Меѓународни политички организации (50704), Дипломатија (50705), Комуникации и мас-медиуми (50706), Политика на поединечни активности, структури и специјалности (50708), Методологија и теорија во политичките науки (50709), Наука за управата (50900), Јавна управа (50901) и Јавни служби (50902).

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 100 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 07 - 402/3 од 02.04.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студенската програма „Политички науки" од втор циклус академски (магистерски) студии на Факултет за правни и политички науки при Универзитет ФОН - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409 - 231/1 од 03.04.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 7-та седницата одржана на 30.09.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409 - 231/9 од 09.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9-та седница одржана на 30.11.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски